Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 26.04.2024 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена за Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП) на Општина Крива Паланка за период од шест години (2025-2030 година)**

1. За планскиот документ ЛЕАП на Општина Крива Паланка за период од шест години (2025-2030 година), кој го носи општина Крива Паланка, потребно да се спроведе стратегиска оцена на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Како орган засегнат од имплементацијата на стратегискиот документ се определуваат Општина Крива Паланка и Министерство за животна средина и просторно планирање.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ,*за ЛЕАП на Општина Крива Паланка за период од шест години (2025-2030 година)*, се очекува да има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, здравје на населението и социоекономски развој, биодиверзитет, материјални добра, заштита на културно и природно наследство, развој на туризмот, управување со несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Крива Паланка на следната веб адреса: www.krivapalanka.gov.mk

6. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на веб страницата.

Бр. **29-2187/1**
Датум: **26.04.2024 година**
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски